20252254361

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 251/22), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО ОД ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ, УВОЗНИ ДАВАЧКИ, АКЦИЗА НА ЕНЕРГЕНТИ И ДАНОК НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛИ ПРИ УВОЗ НА ДОБРА/СТОКИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВИ КОН БАРАЊЕТО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за остварување на ослободувањето од данок на додадена вредност, увозни давачки, акциза на енергенти и данок на моторни возила за патнички автомобили при увоз на добра/стоки и потребната документација која треба да се достави кон барањето.

Член 2

Барањето за остварување на ослободувањето од данок на додадена вредност, увозни давачки, акциза на енергенти и данок на моторни возила за патнички автомобили при увоз на добра/стоки се поднесува на образец во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од член 2 од овој правилник се доставува следната потребна документација:

- копија од Договорот за заем за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад;
- фактура, про-фактура или договор за купопродажба, издадени од странски испорачател и
- изјава дека увезените добра/стоки се наменети за реализација на Регионалниот проект за цврст отпад финансиран со Договорот за заем, како и дека вредноста на истите не ги надминува средствата обезбедени за таа намена.

Кога барањето од член 2 од овој правилник е поднесено од избраниот изведувач од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, покрај потребната документација од став 1 на овој член, се доставува и потврда од Министерството за животна средина и просторно планирање дека избраниот изведувач е избран да врши договорни работи на Регионалниот проект за цврст отпад, како и потврда од Министерството за животна средина и просторно планирање дека увезените добра/стоки се наменети за реализација на Регионалниот проект за цврст отпад финансиран со Договорот за заем, како и дека вредноста на истите не ги надминува средствата обезбедени за таа намена.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 23-5295/3
4 ноември 2025 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска - Кочоска,** с.р.

**Прилог**

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**- ЦАРИНСКА УПРАВА**

Б А Р А Њ Е

**за остварување на ослободувањето од данок на додадена вредност, увозни давачки, акциза на енергенти и данок на моторни возила за патнички автомобили при увоз на добра/стоки**

Министерството за животна средина и просторно планирање или избраниот изведувач од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање _____________
(назив на избраниот изведувач)

бара Министерството за финансии - Царинската управа согласно член 7 ставови 2 и 5 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад, да ги ослободи од данок на додадена вредност, увозни давачки, акциза на енергенти и данок на моторни возила за патнички автомобили увезените добра/стоки, наменети за реализација на Регионалниот проект за цврст отпад, содржани во ова барање:

1. **ПОДАТОЦИ ЗА УВЕЗЕНИТЕ ДОБРА/СТОКИ ЗА КОИ СЕ БАРА ОСЛОБОДУВАЊЕ:**

| Реден број | Број и датум на фактура /про-фактура /договор за купопродажба во кои е содржано доброто/стоката | Опис на доброто/стоката (марка, вид, тип) | Тарифна ознака | Количина | Вредност на доброто/стоката во странска валута (евра) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | В К У П Н О : | |

Вкупната вредност на увезените добра/стоки за кои се бара ослободување според документот од странскиот испорачател е во износ од ____________________________ изразена во странска валута (евра).

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

| | |
|---|---|
| Име и презиме на лицето за контакт: | |
| Телефонски број | |
| Е- пошта | |

## 3. ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО:

| | |
|---|---|
| 1. | Копија од Договорот за заем за финансирање на Регионалниот проект за цврст отпад |
| 2. | Фактура, про-фактура или договор за купопродажба, издадени од странски испорачател |
| 3. | Изјава дека увезените добра/стоки се наменети за реализација на Регионалниот проект за цврст отпад финансиран со Договорот за заем, како и дека вредноста на истите не ги надминува средствата обезбедени за таа намена |
| 4. | Потврда од Министерството за животна средина и просторно планирање дека избраниот изведувач е избран да врши договорни работи на Регионалниот проект за цврст отпад (се доставува доколку барањето е доставено од избраниот изведувач од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање) |
| 5. | Потврда од Министерството за животна средина и просторно планирање дека увезените добра/стоки се наменети за реализација на Регионалниот проект за цврст отпад финансиран со Договорот за заем, како и дека вредноста на истите не ги надминува средствата обезбедени за таа намена (се доставува доколку барањето е доставено од избраниот изведувач од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање) |

Датум и место на поднесување

Барател
(име, презиме, звање и потпис на овластено лице)

_______________________________ М.П. _______________________